*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Бр.04-2692/9
15.06.2021

Врз основа на член 20 - г и член 21 од Закон за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" број 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 143/19 и 14/20), член 21 и член 23 став 4 од Законот за работни односи ("Службен весник на Република Македонија" број 62/2005,106/2008, 161/2008, 114/2009, 130/2009,149/2009, 50/2010, 52/2010,124/2010, 47/11, 11/12, 39/12, 13/2013, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 110/19 и 267/20), член 11 од Правилникот за систематизација на работните места во Службата на Собранието на Република Северна Македонија број 01-566/1 од 29.01.2021 година и член 64 став 5 од Деловникот на Собранието на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" број 91/2008, 119/10 и 23/13 и "Службен весник на Република Северна Македонија" број 152/19 година), генералниот секретар на Собранието на Република Северна Македонија донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидати по Јавен оглас за вработување на помошно-технички лица на неопределено време број 1/2021 во Собранието на Република Северна Македонија**

I. Во врска со објавниот јавен оглас број 1/2021 за вработување на 6 (шест) помошно - технички лица на неопределено време во Собранието на Република Северна Македонија се избираат следните лица и тоа:

- За работното место - Возач II, ниво А2, со шифра УПР 04 03 А02 001 во Сектор за поддршка на генералниот секретар на Собранието во Одделение за протоколарни работи (2) двајца извршители, се избираат кандидатите: Ивчо Ефремов и Назим Алиу.
- За работното место – ВКВ Работник за оддржување на објекти, ниво А3, со шифра УПР 04 01 А03 001, во Сектор за технички работи во Одделение за инвестиционо и тековно одржување и општи работи (4) четворица извршители, се избираат кандидатите: Горан Ангеловски, Борче Митовски, Љупчо Чакалиќ и Али Азем.

II. За избраните кандидати од точка I на оваа Одлука, ќе се донесе решение за вработување и плата на помошно - техничко лице.

III. Донесената Одлука ќе биде објавена на веб страната на Собранието на Република Северна Македонија.

IV. Ова одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Собранието на Република Северна Македонија објави јавен оглас број 1/2021 во дневните весници "Коха" и "Нова Македонија" и на веб страната на Собранието на Република Северна Македонија за вработување на 6 (шест) помошно-технички лица на неопределено време.

Во врска со наведениот оглас, Комисијата за селекција на кандидати за вработување на 6 (шест) помошно - технички лица на неопределено време по јавен оглас број 1/2021,

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

формирана со Решение број 02-2788/1 од 08.06.2021 година, од страна на генералниот секретар на Собранието, по поднесените пријави на кандидатите ја спроведе постапката за селекција на кандидати за работните места, состави Записник од 1 - Фаза административна селекција (проверка на комплетност на пријавата и доказите) број 02-2788/2 од 11.06.2021 година и Записник од 2 - Фаза (интервју) број 02-2788/3 од 14.06.2021 година и Финална листа број 02-2788/4 од 14.06.2021 година на кандидати од сите фази на селекцијата за работните места од точка 1 алинеји 1 и 2 на оваа Одлука и истата ја достави до генералниот секретар на Собранието.

Со Балансерот кој е составен дел од Годишниот план за вработување за 2021 година број 04-2495/2 од 28.05.2021 година на Собранието на Република Северна Македонија, за работното место од точка 1 алинеја 1 од оваа Одлука предвидено е еден кандидат да е со припадност на заедницата Албанец и еден Македонец, а за работното место од точка 1 алинеја 2 предвидено е еден кандидат да е со припадност на заедницата Турчин и тројца Македонци.

Врз основа на горенаведеното се изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлуката.

**Генерален секретар,**
**Цветанка Иванова**

**Доставено до:**
-Одделени за персонално управување со човечки ресурси
- Одделение за канцелариско и архивско работење-Писарница
-Именуваните